Јавно Комунално Претпријатие
БРЕГАЛНИЦА ПО
Бр. 0202-283/1
20.09 2022 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на одредбите од член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги (Сл.весник на Р.М бр. 63/2017), член 19 од Законот за јавни претпријатија, член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги (Сл.весник на Р.М бр. 7/2016), Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Брегалница-Делчево за регулиран период 2022-2024 година под бр. УП1.бр. 08-85/21 од 26.07.2021 година и член 15 од Статутот на ЈКП Брегалница-Делчево, Управниот Одбор на ЈКП Брегалница-Делчево на седницата одржана на ден 20.09.2022 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Брегалница-Делчево за регулиран период 2022-2024 година

**Член 1**

Се утврдува тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Брегалница-Делчево за **домаќинствата** за регулиран период 2022-2024 година, и тоа:

-За **2022** година тарифата изнесува **37.13 денари/м3** (без ДДВ)
-За **2023** година тарифата изнесува **39.53 денари/м3** (без ДДВ)
-За **2024** година тарифата изнесува **40.69 денари/м3** (без ДДВ)

**Член 2**

Се утврдува тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Брегалница-Делчево за **правни лица** за регулиран период 2022-2024 година, и тоа:
-За **2022** година тарифата изнесува **62.00 денари/м3** (без ДДВ)
-За **2023** година тарифата изнесува **65.62 денари/м3** (без ДДВ)
-За **2024** година тарифата изнесува **67.14 денари/м3** (без ДДВ)

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Брегалница-Делчево на Управниот Одбор на ЈКП Брегалница-Делчево број 0202-315/2 од 28.09.2021 год.

**Член 4**

Оваа одлука ќе влезе во сила по добивањето на согласност од страна на Советот на Општина Делчево.

Јавно Комунално Претпријатие БРЕГАЛНИЦА ПО Делчево

Управен Одбор
на ЈКП Брегалница-Делчево
Претседател
Владимир Мерзликин